Macedonian | Македонски

NSW STATE EMERGENCY SERVICE

# Знајте го вашиот ризик од цунами

## Дознајте за вашиот ризик од цунами



Контактирајте со вашата локална единица на SES на Нов Јужен Велс за да добиете локални информации за цунами.

Знајте ги вашите области за евакуација од цунами со прегледување на **Картата на областа за евакуација** на **веб-страницата на SES на Нов Јужен Велс:**

www.ses.nsw.gov.au/tsunamisafe/evacuation-map/tsunami-evacuation-map

## Бидете запознати со знаците и последиците од цунами

Цунами се серија моќни бранови кои ги погодуваат крајбрежните области во одреден временски период, а опасните струи на цунами може да траат многу денови по првичниот удар.

Постојат многу природни знаци на цунами, на пример:

- **земјотрес**
- **необично однесување на океанот: изгледа или како поплава што брзо се зголемува или како ѕид од вода, или нивото на водата во океанот драстично опаѓа и се покажува дното на океанот**
- **татнеж од океанот, сличен на звукот на воз**

Цунамито има многу влијанија и последици, на пример:

- **бранови, високо надојдена плима и силни и моќни океански струи кои прават штета**
- **бранови кои можат да патуваат многу подалеку во внатрешноста од нормалното и кои се подеструктивни**
- **можно е поплавување на ниските крајбрежни области повеќе од 2 километри во внатрешноста**
- **реките и потоците што водат до океанот може да наидат на бранови кои патуваат нагоре и се обвиткуваат околу гребените и островите**

Во ситуации опасни по животот, јавете се на **три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES на 132 500.**

www.ses.nsw.gov.au/languages

@NSWSES NSWSES NSWSES

Macedonian | Македонски

# Знајте го вашиот ризик од цунами

## Подгответе се




Преземете ја апликацијата **Hazards Near Me** на вашите мобилни уреди и создадете **Зони за набљудување (Watch Zones)** за областите каде што живеете, работите и ги посетувате.



Подгответе **планови за евакуација од цунами** за вашиот дом, бизнис и имоти кои се во областите на ризик од цунами и погрижете се да планирате за сите луѓе и животни за кои водите грижа.



Споделете го вашиот план за вонредни ситуации со семејството, соседите и колегите и редовно прегледувајте го.

## Подгответе комплет за вонредни ситуации

Во вашиот комплет за вонредни ситуации мора да има:

- Преносно радио и резервни батерии
- Батериска светилка и резервни батерии
- Комплет за прва помош (со предмети потребни за вашето домаќинство)
- Свеќи и водоотпорни кибрити
- Важни документи, вклучително броеви за контакт во вонредни ситуации
- Копија од сите планови за вонредни ситуации
- Водоотпорна торба за скапоцености



Во ситуации опасни по животот, јавете се на **три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES на 132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES | NSWSES | NSWSES